

# КУМАНОВСКИ ГРАФИЧАРИ 2003


ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
"ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"

## ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ



Роден 1953 год. во Куманово. Дипломирал на ФДУ во Белград во класата на проф. Бошко Карановиќ 1978 год. Постдипломски студии завршува на отсекот графика во класата на проф. Марко Крсмановиќ 1982 год. Моментално работи како редовен професор на ФЛУ Скопје.

**Самостојни изложби:**

Излагал во Цирих, Диселдорф, Париз, Белград, Панчево, Нови Сад, Зрењанин, Сремска Митровица, Скопје итн.

**Групни изложби:**

Учесник е на преку 120 групни изложби во Македонија и странство, меѓу кои: Биеналето во Баден Баден, во Љубљана, Кангали, Токио, Краков, Барцелона, Њујорк, Варна, Битола итн.

Добитник е на над 20 национални и меѓународни награди.



6/16 литографија, "Љубов", 2003



## ГОРДАНА ДАУТОВСКА ПОПОВСКА

Родена е 1970 год. во Куманово.
Завршила ФЛУ Скопје, отсек графика со графички дизајн во класата на вон. проф. Димитар Малиданов. Постдипломски студии завршува на ФЛУ во Белград, отсек графика, во класата на проф. Велизар Крстиќ.

**Самостојни изложби:**

Белград, СРЈ,1998
Куманово, 1998
Куманово, 2002
Штип, 2002

**Групни изложби:**

Учествувала на над 40 групни изложби во Македонија, Италија, Јапан, Бугарија, СРЈ, Словенија, Грција, Шпанија.

Добитник е на повеќе награди.



акватинта, бакропис, "Не - идентично" VII, 1999



## АНКА ДАНАИЛОВСКА

Родена во 1972 год. во Куманово.
Завршила ФЛУ во Скопје во 1995 год.,
во класата на проф. Димче Николов.
Член е на ДЛУМ од 1997 год.

Самостојни изложби:

Куманово, 1997
Скопје, 1998
Париз, 2002
Струмица, 2002

Групни изложби:

Учествувала на повеќе групни и меѓународни изложби, како и на меѓународни ликовни колонии во Македонија, СРЈ, Јапан, Белгија и други.

Добитник е на повеќе награди.



2/10 сува игла, "Летечки објект", 2003



**ТАЊА СОЛАРСКА ТЕМЕЛКОВСКИ**

**Родена 1974 год. во Куманово.**
**Дипломирала на ФЛУ Скопје**
**во класата на проф. Рубенс Корубин.**

**Самостојни изложби:**

**Куманово, 2003**

**Групни изложби:**

**Учествувала на повеќе групни**
**изложби во Македонија и СРЈ.**



**1/1 сува игла, "Како I", 2003**



## ВИКТОРИЈА ЏИМРЕВСКА

Родена 1974 год. во Куманово.
Дипломирала на ФЛУ - Скопје 1997 во класата на проф. Костадин Танчев, отсек - графика.
Член на ДЛУМ од 1999.



1/7 сериграфија, "Капки I", 2000

**Самостојни изложби:**

Куманово, 2000

**Групни изложби:**

Учествувала на повеќе групни изложби и меѓународни ликовни колонии во Македонија и надвор од неа, Белгија, Хрватска, СРЈ, Турција итн.

Добитник е на неколку награди.





1/4 сува игла, "Помеѓу", 2003

## МУХАМЕДАЛИ АЛИЛИ

Роден е 1972 год. во Куманово.
Дипломирал на ФЛУ Скопје 2000 год. на отсек графикаво класата на проф. Димитар Малиданов.

Учествувал на повеќе групни изложби во Македонија.



**ЕМИЛ ЈАКОВ**

**Роден 1971 год. во Куманово.**
**Дипломирал на ФЛУ во Скопје .**

**Учествувал на неколку групни**
**изложби во Македонија.**



**3/10 акватинта, "Графика бр.2", 2003**

## *За изложбата " Кумановски графичари 2003 "*

*По неколкуте изложби на кои беа претставени одредени групи на ликовни уметници ("Самоуки" - сликари, "Скулптури на новото време" - скулптори и др.), се чинат сосема оправдани настојувањата на Центарот за култура " Трајко Прокопиев " од Куманово за претставување на уште една група уметници за кои се чини дека во последно време им се посветува малку простор. Тоа се графичарите кои живеат и работат во Куманово и со чие групно претставување ќе се добие една покомплетна слика за најновата ликовна продукција на овие уметници, како битен дел за разбирање и следење на севкупната современа македонска ликовна матрица во која неминовно е отпечатен духот на ова време, измешан со новите културни струења и личните сфаќања за уметноста - бескрајно слободна во идејно-духовна смисла и многу лимитирана во поглед на нејзина материјализација. Се чини дека токму графичарите се категорија на уметници кои најповеќе ја чувствуваат диспропорцијата помеѓу огромните можности на визуелниот израз на графичкиот медиум од една страна и тежината на реализацијата на поставената цел од друга страна, имајќи ја во предвид комплексноста на постапката, изборот на материјалите, техничката опременост и сл. Со изработката на повеќе отпечатоци не се завршуваат маките на графичарите, потоа следува процесот на презентација кој со елементите: опремување на експонатите, печатењето на каталог, организација на изложби, знае да биде доста напорен во наши услови на галериско работење...*

*Но, најпрвин да се обидеме да одговориме на прашањето што значи денеска да се биде графичар? Одговорот би одел во насока дека се работи за луѓе со цврсти карактерни особини кај кои доминираат упорноста и трпението и кои имаат јасна претстава за своите амбиции, иако се зафаќаат со најкомплицираната и најкомлексната ликовна дисциплина која денес се изучува на ликовните академии и која постојано се работи во неблагодарни услови, притоа знаејќи дека материјалите кои ќе ги користат за создавање на своите дела честопати се отровни материи и киселини кои, пак, комбинирани со творечката инвенција, комплексни подготовки и материјално-техничките можности се претвораат во графички отпечаток, мултиплициран оригинал за чија вредност се свесни само врвните познавачи на уметноста! Но, и покрај проблемите со кои се соочуваат сегашните и идни графичари, интересот за оваа ликовна дисциплина е голем пред се, поради влијанието што го имаат графичките ликовни уметници на севкупните ликовни движења и покрај скромната продукција во моментот. Обидите да се понудат нови и свежи графички решенија кореспондираат со новите движења во ликовната уметност воопшто, во кои границите меѓу ликовните медиуми се*

бришат и забрзано се работи на откривање на нови интерпретативни естетски кодови со чија помошби се направил некаков вредносен критериум. Во таа насока можеме да ги набљудуваме делата на учесниците на оваа графичка изложба, притоа избегнувајќи ја вечната идеја за класифицирање на истите во некој од "-измите", иако секогаш постојат тенденции делата да се гледаат како резултат на: објективната стварност (реализам), субјективизмот (модернизам), на колективната фикција (постмодернизам), но и на новите уметнички концепти во кои уметничкото дело се изедначува со креација на нов оригинален свет подготвен за постојано испитување и промени, свет во кој сите правила и ограничувања во однос на фузирање на визуелно-изразните медиуми се бришат во корист на финалниот производ. Притисокот кој го прави фасцинираноста од новите технологии не успеа да ги смени постоечките суштински постулати на графичката уметност како што се оригиналноста, техничката перфекција и комуникативноста која, пак, се постигнува со помош на мултиоригиналноста - најоспоруваниот елемент во проценка на утврдување на вредноста на едно графичко остварување. Присутноста на едно оригинално мултиплицирано графичко дело на повеќе места одеднашсе повеќе се смета за предност како и, унапредувањето на технологијата за изработка на повеќебојно печатење комбинирано со некои ликовни техники, со што графичката уметност ја прави повторно актуелна кај најшироката ликовна публика.

Идејата за организирање на една групна изложба во повеќе галериски простори на која би учествувале графичките уметници од Куманово не е само вообичаено претставување на истите, туку прв чекор во една посериозна презентација на овој вид уметници преку повеќегодишно актуелизирање на нивната дејност во претстојниот период во повеќе форми: изложби, трибини и предавања. Во меѓувреме ќе се обидеме да ја запознаеме ликовната публика во неколку градови со графичките уметници од Куманово, со надеж дека истите ќе предизвикаат интерес за оваа секогаш актуелна ликовна дисциплина. Ако кон ова се додадат и личните остварувања на авторите-учесници на оваа групна изложба, кои честопати ги надминуваат очекувањата и можностите на средините во коишто тие живеат и работат, тогашима повеќе причини за посета на оваа изложба, меѓу кои најважната би била бегството од секојдневното сивило во неистражените графички предели.

Куманово, 15.12.2003 год.

Роберт Цветковски, историчар на уметност

Издавач:
Центар за култура
"Трајко Прокопиев" - Куманово

За издавачот:
Жика Крстевски

Организација:
Роберт Цветковски

Текст:
Роберт Цветковски

Фотографија:
Марјан Јаневски

Подготовка:
Александар Симоновиќ

Печати:
"КИМЕ - ГРАФ" - Куманово

Тираж: 500

Проектот е финансиран од
Министерство за култура на Република Македонија

Центар за култура "Трајко Прокопиев" Куманово
Изложбен салон, Декември 2003 год.